# З А П И С Н И К

Од седницата на комисијата за финансии и ЛЕР

Одржана на 27.04.2026 година во 12.00 часот

**Присатни:** Роберт Милошески, Самир Ганији, Хавни Ајрулаи, Јовица Радески и Неџади Шаини
**Отсатни:** Јовица Радески

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на комисијата за финансии кој констатираше дека има кворум за работа.

**1.** Разгледување и усвојување на Прв-Ребаланс на Буџетот на општина Брвеница за 2026 година.

2.Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР праша дали има за изменување и дополнување на дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот дневниот ред го стави на гласање и истиот беше едногласно прифатен од присутните членови на Комисијата за финансии и ЛЕР.

**I**

По првата точка на дневниот ред „ Разгледување и усвојување на Прв-Ребаланс на Буџетот на општина Брвеница за 2026 година.,,

.

Соодветниот од општината зеде збор и кажа, образложението е дека ни стигнал допис од Министерство за финансии, имаме покачување кај ДДВ то од 32.110.000 на 58.053.000. Средствата што ни се останата од минатата година ги предвидуваме во овој Ребаланс. Одиме кај програмата А0 на 464991 сме имале 5.500.000 средствата за јавното што се префрлени, бидејќи се потрошени планирав да префрлам уште 8.500.000. Кај програмата Е0 плати и надоместоци имам додадено 3.800.000. Стоки и услуги од 7.660.000 на 8.310,358 тука имаме зголемување од 650.358. Понатака кај капитални расходиод 5.650,000 имаме зголемување од 7.400.000 вкупно се 13.050.000, тука 6.000.000 имам предвидено за доградба на градинката, тоа ќе оди преку ППР, меѓутоа нашето учество е 6.000.000.
1.500.000 се предвидени за нов автомобил службен бидејќи немаме службено возило, па овие средства ќе бидат за учество на возилото па потоа дали на лизинг или на кредит ќе видиме.
Програмата Ј3 имаме покачено 500.000 кај одржување на други градби. Ј8 тука имам предвидено за гориво за возилата имаме покачување на 2.150.000,кај програмата Јд за

патишта имам додадено од 8.794.737 на 13.109,737. Понатака кај програмата Л0 спорт и рекреација од 500.000 имаме покачување на 900.000, сега им имаме исплатено на фудбалските клубови по 90.000 денари. Кај комунални услуги на 421 кај образование имам додадено 500.000, а за материјал и ситен инвентар имам додадено 600.000 и кај субвенции ии трансфери имам додадено 1.000.000 ова е исклучиво за отпремнини, јубиларни награди и исплата на починат член од семејство. Ова е накратко од моја страна ако нешто имате да прашате повелете тука сум да објаснам.

Претседателот на Комисијата за финасии отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Комисијата за финансии точката „Усвојување на Прв-Ребаланс на Буџетот на општина Брвеница за 2026 година.„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните членови на истата комисија.

**II**

По однос на втората точка од дневниот ред „ Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година„

Претседателот на Комисијата за финансии збор му даде на Соодветниот од општината да ја образложи точката.

Соодветниот на општината зеде збор и кажа, во годината правиме 4 квартални сега е редот на Првиот Квартал, од 175.772,930 имаме реализација од 52.070,885 или 29,62 % исто така и кај расходите. Како што знаеме градинката има самофинансирачки дел со партиципацијата од децата од предвидени 2.000.000 реализација имаме 540.845 или во проценти 27.04 %. Кај блок дотацијата кај приходите од 155.509,848 реализација имаме 36.848 или 23,67% кај приходите, додека пак кај расходите имаме 23.36%. Вкупно како кумулативен Буџет од 335.837,778 реаализација имаме 89.559,843 или 26,68 %. Како реализација имаме добро кога се во прашање во процентите.

Претседателот на Комисијата за финансии отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Комисијата за финансии точката Квартален извештај за извршување на Буџетот за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година, ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните членови на истата комисија.

По исцрпување на двете точки од дневниот ред заврши и оваа Комисија за финансии и ЛЕР.

Записничар: Христина Радичевска

**Бр.08-483/2**
**20.04.2026 година**
**Брвеница**

**Комисија за финансии и ЛЕР**
**Претседател,**
**Роберт Милошески**